# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

## ОПШТИНА КРУШЕВО



## За општината

Општина Крушево се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија и се простира на површина од 205 километри квадратни. Општината се простира на ридско-планински предел почнувајќи од 600 метри надморска висина (м.н.в.) како најниска точка до 1 800 м.н.в. како највисока. 44 проценти од површината е ридски дел, додека останатата површина е планински предел. Градот се наоѓа на надморска висина од 1 250 метри. Дел од општината е една индустриска зона во која е изградена и функционира фабрика за производство и преработка на тутун.Со генералниот урбанистички план (ГУП) предвидени се 4 нови зони за инвестирање и истите се во постапка на донесување на детален урбанистички план (ДУП) кој треба да се случи кон средината на 2025 година.

## 3 ТОП ДЕЈНОСТИ

**Водечка дејност во општина Крушево е трговијата на мало, а на второ место се услужните дејности, особено во областа на угостителството. Во постојан пораст се сместувачки капацитети на физички лица, односно отворањето на апартмани и соби за издавање.**



**ОПШТИНСКИ БИЗНИС ИНФОРМАТОР (МОДЕЛ)**

*Развиен со поддршка на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.*

## 1.Опис на деловната околина на општината.

*Овој дел треба да обезбеди информации за поддршката која општината ја нуди за бизнисите, вклучувајќи индустриски зони, стратегиски позиции, економски трендови и клучни сектори кои го поттикнуваат локалниот економски развој.*
*Упатство:Секоја општина треба да го прилагоди овој дел со свои податоци за површината, населението, индустриските зони и клучните сектори на економијата, како и со информации за инфраструктурните предности.*

### 1. Опис на деловната околина на општината.

Општина Крушево се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија и се простира на површина од 205 километри квадратни. Општината се простира на ридско-планински предел почнувајќи од 600 метри надморска висина (м.н.в.) како најниска точка до 1 800 м.н.в. како највисока.44 проценти од површината е ридски дел, додека останатата површина е планински предел. Градот се наоѓа на надморска висина од 1 250 метри.

Покрај градот Крушево во склоп на општината спаѓаат и 18 населени места, а градот е поврзан преку два регионални патишта, Р1306 и Р2337, до општините Демир Хисар и Битола и Прилеп. Дел од општината е една индустриска зона во која е изградена и функционира фабрика за производство и преработка на тутун. Во индустриската зона „Опаленик“ достапна е градежна парцела со површина од 33012 м2 и намената на истата е незагадувачка индустрија, складишта и услуги. Површината за градба изнесува 24 467 м2.

Со генералниот урбанистички план (ГУП) предвидени се 4 нови зони за инвестирање и истите се во постапка на донесување на детален урбанистички план (ДУП) кој треба да се случи кон средината на 2025 година. Се работи за индустриски зони кои ќе содржат парцели за лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта, а локациите се на влезот од град Крушево, односно веднаш до регионалниот пат Р1306 и Р2447, на излезот од градот кон населените места Пуста Река, Долно и Горно Дивјаци и во правец кон градската депонија.

Водечка дејност во општина Крушево е трговијата на мало, а на второ место се услужните дејности, особено во областа на угостителството.Во постојан пораст се сместувачки капацитети на физички лица, односно отворањето на апартмани и соби за издавање. Во последните неколку години се зголемува бројот на угостителски објекти, а дел од веќе воспоставените капацитети се прошируваат.



### 2. Листа на стратегиски документи

*Овде вклучете стратегиски документи кои се релевантни за локалниот економски развој, како ЛЕР стратегија, еколошки акциони планови и програми за енергетска ефикасност.*
***Упатство:***
*Општините треба да ја прилагодат оваа листа според своите стратегиски документи и програми, како и да ги обезбедат линковите до документите што ќе бидат јавно достапни.*

**Листа на стратегиски документи**

Стратегија за локален економски развој 2023 2027 Општина Крушево
Во документот се наведени приоритетите на општина Крушево кои треба да ги следи во периодот за кога истата важи. Врз основа на тие приоритети се спроведуваат проекти за да се исполнат предвидените цели.

Локален еколошки акционен план за животна средина на Општина Крушево 2023-2028
Преку мерките предвидени во овој стратешки документ за период од 5 години треба да се постигнат јасно дефинирани цели за заштита на животната средина.

Стратегија за развој на туризмот во општина Крушево 2020 - 2025
Стратешкиот план ги дава насоките за развој на туризмот и истиот се однесува не само на развој на оваа област во национални рамки, туку и во меѓународни.

Локална Стратегија за млади 2019 - 2024
Оваа стратегија обезбедува насоки за поддршка и развој на младите во општината преку програми за образование, вработување и социјална инклузија.

**3. Клучни информации за поддршка на бизнисите**
*Наведете конкретни услуги или иницијативи што ги нуди општината за поддршка на бизнисите, како што се јавни ГИС портали, е-услуги и други алатки за лесен пристап до информации и услуги.*
*Упатство:*
*Општините треба да вклучат релевантни линкови кон свои ГИС портали, е-услуги и јавни огласи за бизнисите. Прилагодите ги информациите според достапните услуги во вашата општина.*

## 3. Клучни информации за поддршка на бизнисите преку конкретни услуги или иницијативи

Општина Крушево нуди широк спектар на дигитални и административни услуги за поддршка на бизнисите и олеснување на процесот на добивање на потребните информации. Преку е-услугите, бизнисите имаат електронски пристап до административни процеси и информации кои ќе го прескокнат т.н. „шалтерски" систем. Јавната огласна табла, преку интернет страницата krusevo.gov.mk, редовно објавува информации за можности и важни известувања. Дополнително, преку порталот за формулари и жиро-сметки, бизнисите добиваат важни информации за да ги исполнат бараните обврски, додека буџетските програми обезбедуваат информации за алокацијата на средства и приоритетите на општината.

### Клучни услуги:

**Е-услуги**

- тука ќе ги најдете сите потребни документи и информации достапни по електронски пат.

**Јавна огласна табла**

- редовно објавување на информации и можности за бизнисите, вклучувајќи и јавни огласи.

**Формулари и жиро-сметки**

- за брзо и ефикасно завршување на административните задачи за бизнисите, како што се пријави, дозволи и плаќања.

**Отворени податоци**

- целосна евиденција на правни субјекти, администрација и локации за градби за потребите на бизнисот. Регистри во

**Буџетски програми**

- бизнисите можат да добијат информации за алокацијата на средства и приоритетите на општината, што може да биде корисно при планирање на инвестиции и учество во локални проекти.

### *3.1. Листа на е-услуги*

*Ова е листа на електронски услуги кои општината ги нуди на бизнисите, како апликации за разни услуги, дозволи и други административни постапки.*
***Упатство:***
*Општините треба да го прилагодат овој дел со своите е-услуги, вклучувајќи ги линковите до соодветните платформи и апликации.*



***4. Корисни линкови***
*Обезбедете корисни линкови до релевантни национални и регионални институции кои може да бидат корисни за бизнисите, како Централен регистар, Биро за јавни набавки и IPARD програми.*
***Упатство:***
*Општините треба да го прилагодат овој дел со свои препораки и линкови до релевантни институции и програми кои ги поддржуваат локалните бизниси.*

## 4. Корисни линкови :

Оваа секција нуди пристап до поважни национални и регионални институции кои можат да бидат корисни за бизнисите во Општина Крушево. Линковите обезбедуваат информации за регистрација на компании, јавни набавки, како и други значајни ресурси што ги поддржуваат локалните бизниси.

**Централен регистар на РСМ** – обезбедува информации за регистрација на компании и други правни субјекти во Република Северна Македонија.

**Биро за јавни набавки** – нуди информации за процесите на јавни набавки и објави на тендери. **Биро за јавни набавки** и **е-набавки**

**Влада на Република Северна Македонија** – официјалниот портал на Владата на Република Северна Македонија, со информации за државни политики и иницијативи.

**ЕНЕР** – Национален портал за регулативи и јавни консултации за енергетската политика и други значајни теми.

**ИПАРД програми** – обезбедува информации за програмите за рурален развој и можностите за финансиска поддршка пре





## 4.1. Листа на е-услуги преку порталот

На својата интернет страница општина Крушево нуди детални информации подмирување на обврските на бизнисите и се' она што е потребно за да се отпочне со претприемаштво. Општинската страница нуди можност за „онлајн“ и анонимно пријавување на проблем, а може да се погледне евиденција на достапни документи, активни компании, институции и друго. За пристапување до наведените услуги користете ја страницата Krusevo.gov.mk или на линковите подолу.

**Е-услуги –** Во овој дел може да се најде детално објаснување за услугите кои ги дава единицата на локална самоуправа, се дава податоци за директен контакт со градоначалникот и советот при советот на општина Крушево и обезбедување на информации од јавен карактер преку офицерот за спдоелување на ваков тип на податоци во општина Крушево.

**Администрирање приходи** – На линкот ќе ги најдете сите уплатници и сметки за подмирување на обврски по различни основи кон општината.

**Урбанизам**

**Информации од јавен карактер –** листа на информации од јавен карактер, начинот како да ги побарате и контакт за дополнителни информации.

**Отворени податоци**

**Граѓански буџет –** Креирање на буџет со директна консултација на граѓаните, но и други засегнати страни како што се потенцијалните и постоечките инвеститори во општина Крушево.

**Закони** – Регулативи кои го регулираат плаќањето на административни такси.

**Пријави проблем –** Овој линк ќе ве одведе до формата за пријавување на проблем на анонимен начин.

***5. Контакт информации***

*Обезбедете контакти за инвеститори и релевантни службеници во општината кои се задолжени за бизнис соработки.*

***Упатство:***

*Општините треба да го прилагодат овој дел со свои контакти за директна комуникација со инвеститорите и бизнисите.*

## 5. Контакт информации:

За да обезбедиме лесна и брза комуникација, Општина Крушево нуди директни контакт информации за сите заинтересирани инвеститори и бизниси. Овие контакти се наменети за дополнителни прашања, деловни соработки, како и за предлози и прашања од страна на бизнис заедницата. Официјалните лица во општината се достапни за да ви помогнат при сите административни и проектни процеси поврзани со бизнисите.

**<u>Контакт адреси на соодветни одделенија</u>**- Овој линк обезбедува пристап до официјалните контакт информации на сите одделенија. Бизнисите и инвеститорите можат да најдат информации за директна комуникација со одговорните лица во општината.




